# Јапонија и Јужна Кореја

## 17. мај 2026. - 28. мај 2026.
## 12 дена - 10 ноќи

Одиме далеку на истокот, го бркаме изгрејсонцето и посетуваме две магични земји на работ на светот!!

Започнуваме со **Јужна Кореја** и нејзиниот главен град Сеул, денес еден од најголемите мегалополиси во светот, со над 25 милиони жители!

Го истражуваме најголемиот град на оваа фасцинантна земја, и ја посетуваме познатата **демилитаризирана зона (DMZ)** која е создадена во соработка помеѓу **Северна Кореја** и **Обединетите нации** во 1953 година. Долга е 250 километри и широка 4 километри, официјално има четири тунели што ги поврзуваат двете земји, но се претпоставува дека има и повеќе.

Оттука продолжуваме кон неверојатната Јапонија -- земјата на изгрејсонцето. Запознавањето со оваа земја го започнуваме од нејзината престолнина – **Токио** (Tokyo)! Токио е централно место за јапонската политика, економија, култура и образование, а воедно е и бизнис центар за источниот дел од Азија. Областа Токио Метрополис е најголема агломерација на светот и се состои од преку 26 градови и 8 села, кои со текот на времето израснале во еден град. Во него живеат преку 35 милиони луѓе.

Се возиме со прочуените Јапонски bullet trains кои се познати по нивната брзина! Кога излегуваме во познатите делови на **Токио** (Tokyo) - Шинџуку, Шибуја, Гинза, ги истражуваме широките улици меѓу високите згради со светлечки реклами во 3D, додека наоколу минуваат нечујните електрични автомобили. Од облакодерите и зградите можеме да ја добиеме поширoката слика на овој енормно голем град.

Сè е толку уредно и чисто, а во морето на разни згради се и Јојоги, Уено, Чиода и други паркови каде можеме да уживаме во бескрајното зеленило. Покрај сите овие современи привлечности на Токио, неизбежни се и храмовите кои ни даваат слика за религијата и историјата на оваа прекрасна земја, меѓу кои најпосетени се Сенсо-џи и Меиџи Јинг.

**Кјото** (Kyoto), градот исполнет со традиција, го носи содветниот прекар „градот на илјада години“. Ова е градот кој најверојатно си го визуелизирате кога мислите на древната Јапонија. Храмови, самураи, гејши и церемонија на пиење чај. Се враќаме во времето и сведочиме на контрастот со лудиот и модерен Токио! Го посетуваме најпознатиот кварт - Гион во Кјото, традиционално јапонско место во кое е преполно со локални ресторанчиња, чајџилници и каде работат гејшите. Таму е снимен и филмот „Мемоарите на една гејша“! Одиме и во познатата бамбусова шума, едно од најзелените и најфотогенични места во целата земја. Во Арашијама, се шетаме по тесните патеки измеѓу високите бамбуси и полниме батерии. Смирување, опуштање и будење на истражувачкиот дух во вас!

Го посетуваме и промовираме мир во светот и свест за нуклеарниот терор со патување во **Хирошима** (Hiroshima) - првиот град во светот на кој е фрлена атомска бомба пред завршување на Втората светска војна, а го разгледуваме и главниот економски центар на Јапонија – **Осака** (Osaka), каде модерното преовладува над традиционалното.

**Насмеаното племе ве води на незаборавно патување во земјите на изгрејсонцето!!!**

”

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на групата и поаѓање**

Состанок на Меѓународниот аеродром во Скопје, два часа пред летот. Разговараме за егзотични дестинации и со нетрпение го чекаме нашиот лет. Лет од Скопје до Сеул со преседнување во Истанбул. **Одиме на исток во пресрет на Сонцето. Авантурата може да започне!!!**

**Превоз**
Авионски билет на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines) со сите такси, во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Скопје, Истанбул

**Ден 2: Пристигнување во Јужна Кореја и слободно време за истражување.**

Пристигнуваме во Сеул во вечерните часови. Добредојдовте во најголемиот и главниот град на Јужна Кореја -- Сеул. Се сместуваме и имаме слободно време да го истражиме овој фасцинантен град.

**Превоз**
Авионски билет на релација Истанбул - Сеул (Turkish Airlines) со сите такси, во економска класа со вклучен багаж
Трансфер (со јавен превоз) од аеродром до сместување

**Сместување**
Hotel Morning Sky **(1 ноќ)**

**Место**
Истанбул, Сеул (Seoul)

**Ден 3: Seoul City Tour**

Сеул, еден од најголемите мегалополис на светот со преку 25 милиони жители. Се наоѓа на реката Хан и има историја долга преку 2000 години. Основањето на градот се врзува со "Baekje", едно од трите кралства на Кореа. Регионот на главниот град има 5 локалитети кои се наоѓаат на листата на УНЕСКО на светско културно наследство. Нашето истражување го започнуваме со палатата Гјеонгбокгунг, најголемата од сите пет палати во Сеул, по што одиме во Букчон, традиционално корејскс село. Оттука продолжуваме на колоритната улица Инсадонг и познатиот Олимписки парк. Нашата авантура ја завршуваме на улицата Мјеонгдонг, која е преполна со продавници и улични ресторани во кои можеме да ја пробаме највкусната корејска храна.

**Сместување**
Hotel Morning Sky **(1 ноќ)**

**Место**
Сеул (Seoul)

**Факултативни излети**
Seoul City Tour

**Ден 4: Посета на границата помеѓу Северна и Јужна Кореја (DMZ)**

Овој ден ја посетуваме DMZ или демилитаризирана зона, зона која се наоѓа на околу 45 минути од Сеул и ја претставува границата помеѓу Северна и Јужна Кореја. Го посетуваме "Мостот на слободата" што Јужнокорејците го користеле во минатото кога се враќале дома од северот. Оттука го посетуваме и Третиот тунел -- кој претставува тунел кој е изграден од Северна Кореја со цел да ја нападне Јужна Кореа. Нереално искуство каде учиме повеќе за конфликтот помеѓу овие две земјии.

**Сместување**
Hotel Morning Sky **(1 ноќ)**

**Место**
Сеул (Seoul)

**Факултативни излети**
Посета на границата помеѓу Северна и Јужна Кореја (DMZ)

**Ден 5: Пристигнување во Осака и факултативен излет - Osaka City Tour**

Го напуштаме нашето сместување во Сеул и тргнуваме за Осака во раните утрински часови. Имаме трансфер до Аеродромот во Сеул и локален лет од Сеул за Осака. Konnichiwa, добредојдовте во Јапонија. По пристигнувањето во Осака се сместуваме!! Започнуваме со нашата авантура во еден од најстарите градови во Јапонија, со повеќе од 1000 години историја! Нашата авантура ја започнуваме со посета на познатиот замок Осака! Замок од 16тиот век кој играл голема улога во обединувањето на Јапонија, во кој денес се сместени неколку познати музеи. Изграден во традиционален јапонски стил, според многумина овој замок е можеби и најубавата зграда на #целсвет! Продолжуваме кон еден од најубавите дистрикти во Осака — Дотонбори (Dotonbori). Дистрикт познат како центарот на модата и забавата, место со илјадници светлечки неонски реклами и билборди кои навистина ќе ни го зграпчат нашето внимание! Исто така оваа област е позната и по стотици ресторани, каде ќе ја пробаме највкусната храна во Јапонија, а можеби и #целсвет! Опсесијата на локалците со храна ја опишуваат со зборот “kuidaore”, кој го интрепретираме како “прејадување до онесвестување”. Имаме пауза за вечера. Некои од нашите омилени ресторани во овој дистрикт се Hariju (ресторан познат по неговото месо), Zubora-ya (познат по неговата риба) или Kukuru (познат по неговите dumplings). Доколку сакате да пробате Јапонски street-food препорачуваме да порачате такојаки кугли и окономијаки палачинки!! Продолжуваме на пијачка и се враќаме во нашето сместување.

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Сеул - Осака, во економска класа со вклучен багаж
Трансфер од сместување до аеродром со метро (Јавен Превоз).

**Сместување**
APA Hotel Higashi Umeda Minami Morimachi Ekimae **(1 ноќ)**

**Место**
Сеул (Seoul), Осака

**Факултативни излети**
Јапонија - пакет излети

**Ден 6: Факултативен излет - Kyoto City Tour**

Овој ден е резервиран за незаборавна авантура во Кјото. Град исполнет со традиција, го носи соодветниот прекар „градот на илјада години“. Ова е градот кој најверојатно си го визуелизирате кога мислите на древната Јапонија. Храмови, самураи, гејши и церемонија на пиење чај. Се враќаме во времето и сведочиме на контрастот со лудиот и модерен Токио! Нашата авантура ја започнуваме со храмот Кинаку-џи (Kinkaku-ji) или Златниот павилјон, најпознатиот будистички храм во Кјото. Горните два ката од храмот се целосно покриени со златни листови, а неговата градина е класичен пример на градинарска култура од 14 век. Средни дрвца, езерце и бесконечно зеленило не транспортира во едно поинакво време. Продолжуваме во познатата бамбусова шума -- Арашијама, едно од најзелените и најфотогенични места во целата земја. Во Арашијама, се шетаме по тесните патеки између високите бамбуси и полниме батерии. Смирување, опуштање и будење на истражувачкиот дух во нас! Сосема на крај го посетуваме најпознатиот кварт - Гион во Кјото, традиционално јапонско место кое е преполно со локални ресторанчиња, чајџилници и местото каде работат гејшите. Тука е и снимен филмот „Мемоарите на една гејша“! По нашата незаборавна авантура во Кјото, се враќаме во Осака. Оваа вечер излегуваме на пијачка или имаме можност да се искачиме на Umeda Sky Building од каде имаме незаборавна панорама од 360 степени на градот!!!

**Сместување**
APA Hotel Higashi Umeda Minami Morimachi Ekimae **(1 ноќ)**

**Место**
Осака

**Факултативни излети**
Јапонија - пакет излети

**Ден 7: Факултативен излет - Hiroshima City Tour**

Овој ден го истражуваме **Хирошима** -- најважниот град во регионот Чугоку!! Трансфер со воз од Осака до Хирошима. Нашиот прв впечаток е дека Хирошима е голем, но тивок град со малку жители. Сепак, во него живеат милион луѓе и е местото каде што на 06.08.1945 година експлодирала првата атомска бомба. Оттогаш овој град се здобил со тажна слава и неговото име, кое не било толку познато пред тој ден, се наоѓа во сите историски книги денес. Бомбата која уби околу 150.000 луѓе и ја предизвика една од најголемите трагедии познати на човештвото и едно од најтрагичните поглавја на 20-тиот век. Го разгледуваме паркот и Меморијалниот музеј на мирот, во спомен на кобниот датум, посветен на сите оние кои загинале во експлозијата на атомската бомба. Меморијалниот музеј на мирот, отворен во 1955 година, десет години по војната е навистина посебен и има да се види толку многу што е неверојатно! Музејот е посветен на жртвите од атомската бомба и за моментите поминати таму, ќе ви покаже некои од најшокантните работи што се случиле овде и ќе ги сподели со вас приказните и исповедите на луѓето кои живееле во Хирошима. Музејот има две згради и ни раскажува за бомбата и тешките денови кои следеле. Има проекција како се одвивал денот, фотографии, сведоштва, предмети стопени од радиоактивна топлина и можност секој од нас да поднесе петиција за забрана на нуклеарно оружје во светот! Во целиот меморијален парк ќе ги видиме спомениците, од кои особено е интересен кенотафот, на кој се испишани имињата на сите жртви од бомбардирањето, како и Детскиот споменик на мирот, посветен на сите деца кои настрадале од атомската бомба. Потоа одиме на островот **Мијаџима** да ги посетиме познатите црвените водени порти (Тории). Уживаме во свежи остриги и други вкусни морски плодови. Во вечерните часови се враќаме со воз до Осака.

**Сместување**
APA Hotel Higashi Umeda Minami Morimachi Ekimae **(1 ноќ)**

**Место**
Осака

**Факултативни излети**
Јапонија - пакет излети

**Ден 8: Факултативен излет -- Nara и Fushimi Inari-taisha**

Овој ден повторно се враќаме во Кјото, прво го посетуваме храмот Фушими Инари -- најфотографираните туристички атракции во Азија. Главното светилиште на богот Инари, кој е заштитник на оризот. Се проценува дека тука се наоѓаат околу 10.000 тори, односно "капии" кои водат до храмот. Потоа со воз продолжуваме до поранешната престолнина на Јапонија -- Нара (Nara). Nara е позната по тоа што таму најпрвин почнува да се проповеда будизмот во Јапонија и оттаму се шири низ целата држава. Нашата авантура ја започнуваме со прошетка низ Паркот на елените -- каде имаме прилика да се дружиме со жителите на овој уникатен парк! Стигнуваме до храмот Тодаиџи (Tōdai-ji), будистички храм изграден во 8 век за заштита на земјата и просперитетот на нацијата (уникатен храмот кој има триесетина павилјони изградени во различни периоди и стилови).

**Сместување**
APA Hotel Higashi Umeda Minami Morimachi Ekimae **(1 ноќ)**

**Факултативни излети**
Јапонија - пакет излети

**Ден 9: Пристигнување во Токио и слободен ден за истражување**

Го напуштаме нашето сместување во Осака и тргнуваме за Токио во раните утрински часови. Се возиме со познатите јапонски bullet trains (поминуваме 500 километри за само 2 часа)! Доколку временските прилики ни дозволуваат ќе уживаме во погледот на величенствената планина Фуџи. Трансфер со метро до сместувањето. Имаме слободно време да се запознаеме со оваа метропола. Ги истражуваме широките улици меѓу високите згради со светлечките неонски реклами во 3Д, додека наоколу минуваат нечујните електрични автомобили. Од облакодерите и зградите можеме да ја добиеме пошироката слика на овој енормно голем град. Како да се телепортиравме во еден сосема различен и уникатен свет! Јадеме оригинално суши и пиеме саке. Се подготвуваме за истражувањето кое нè чека!!! Ноќевање.

**Превоз**
Трансфер од Осака до Токио со брз воз.

**Сместување**
APA Hotel Asakusa Tawaramachi Ekimae **(1 ноќ)**

**Место**
Токио

**Ден 10: Факултативен излет - Tokyo City Tour #1**

Нашата авантура ја започнуваме со истражување на престолнината на "Земјата на Изгрејсонцето" -- Токио. Имајте на ум дека во Токио има толку многу да се види што не е возможно да видиме се' во само еден ден, па нашето истражување го имаме поделено во два дена. Започнуваме во прекрасниот живописен дел од градот наречен **Асакуса (*Asakusa*)**, место во кое може сеуште да се почувствува атмосферата и духот на старата Јапонија. Тука ќе посетиме еден од најважните храмови на Edo периодот, Сенсо-џи (Sensō-ji) или *Asakusa Kanon*. Во непосредна близина се наоѓа и улицата **Накамисе (Nakamise)**, позната по нејзините автентични продавници за сувенири и начичкани тезги каде имаме прилика да пробаме превкусни традиционални јапонски слатки. Продолжуваме во **Ueno** паркот каде го наоѓаме нашиот зен и уживаме во мирот и спокојот опколени со илјадници јапонски цреши!! Правиме кратка пауза и продолжуваме кон познатата Кралска Палата која не е отворена за посетители, но се наоѓа во исклучително живописен јапонски парк во самиот центар на градот. Потоа следува посета на **Metropolitan Government (Tochō)**, третата највисока зграда во Токио, каде ќе уживаме во прекрасниот панорамски поглед на овој неверојатен град. Во попладневните часови одиме во областа **Шинџуку (Shinjuku)**, позната како област која „не спие". Област со високи облакодери, широки трговски улици и безброј кафулиња, барови и ресторани. А нашата вечер ја завршуваме во областа **Кабукичо (Kabukicho)**, една од најживите области во Токио, полна со уникатни барови (на пример, робот ресторани) и безброј дискотеки во кои танцуваме цела ноќ!!!

**Сместување**
APA Hotel Asakusa Tawaramachi Ekimae **(1 ноќ)**

**Место**
Токио

**Факултативни излети**
Јапонија - пакет излети

**Ден 11: Факултативен излет - Tokyo City Tour #2**

Овој ден ја продолжуваме нашата авантура во Токио со посета на кварто**тЦукиџи (Tsukiji)**, јапонскиот „град на храната" каде ќе наидеме на секаков вид традиционална јапонска храна. Уживаме во вкусот на оригиналното јапонско суши и други специјалитети од свежа риба. По ручек, ја продолжуваме нашата авантура кон **Гинза (Ginza)**, најстариот и најпознат шопинг кварт во Токио. Посетуваме традиционале**нКабуки (Kabuki)** театар. Кабуки претставува традиционална јапонска форма на театар чии корени датираат од Едо периодот. Продолжуваме во **Шибуја (Shibuya)**, една од најживописните во Токио, област позната по шопинг и вообичаениот метеж на најпознатата раскрсница на #целсвет!! Уживаме во шопинг во една од стотиците стоковни куќи и трговски центри во оваа област. Fun fact: во оваа област се започнати многу познати јапонски модни трендови! Како дел од нашата посета на Шибуја, ќе ја посетиме и областа **Харајуку (Harajuku)**, која го претставува срцето на јапонската младинска култура и **Омотесандо (Omotesandō)**, најскапиот кварт во Токио. На крај завршуваме со посета на Меиџи храмот (*Meiji Shrine)* изграден во класичен шинто стил. Вечерта продолжуваме на пијачка во некои од локалните барови во Шибуја!

**Сместување**
APA Hotel Asakusa Tawaramachi Ekimae **(1 ноќ)**

**Место**
Токио

**Факултативни излети**
Јапонија - пакет излети

**Ден 12: Напуштање на сместувањето и крај на патувањето.**

Го напуштаме нашето сместување и имаме трансфер со метро до аеродромот во Токио. Утрински лет од Токио за Скопје, со преседнување во Истанбул. Крај на патувањето.

**Превоз**

Трансфер (со јавен превоз) од сместувањето до аеродром
Авионски билет на релација Токио - Истанбул (Turkish Airlines) со сите такси, во економска класа со вклучен багаж.
Авионски билет на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines) со сите такси, во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Токио, Истанбул, Скопје

### Цени и услови

| Што е вклучено |
| --- |
| Регуларна цена<br>**2.549,00** EUR |
| **ПРОМО ПОПУСТ!**<br>Попустот важи само за **првите 4 пријави!**<br>**2.349,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Туристичка такса за Јапонија, која ја плаќа секој патник во хотел на рецепција.
- Виза за Јужна Кореа и услуга за визирање

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скренирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

Доколку се пријавите како **соло патник**, потребна е **доплата за еднокреветна соба**. Со цел да го избегнете овој трошок по пријавата ние ќе го рекламираме Вашето поаѓање на нашите социјални медиуми за да најдеме друг соло патник кој би сакал да дели сместување со Вас. Агенцијата нема обврска задолжително да Ве спои со друг соло патник доколку никој не се пријави. **Во тој случај, доплатата за еднокреветна соба останува** како ставка за плаќање од страна на пријавениот патник.

### Факултативни излети

**Seoul City Tour**

**Цена**: **45,00** EUR

Сеул, вториот најголем мегалополис на светот со преку 25 милиони жители. Се наоѓа на реката Хан и има историја долга преку 2000 години. Основањето на градот се врзува со "Baekje", едно од трите кралства на Кореа. Регионот на главниот град има 5 локалитети кои се наоѓаат на листата на УНЕСКО на светско културно наследство. Нашето истражување го започнуваме со панорамски разглед на палатата Гјеонгбокгунг, најголемата од сите пет палати во Сеул, по што одиме во Букчон, традиционално корејско село со долга и интересна историја, село со традиционалните дрвени куќички, како од филмовите. Нашата авантура ја продолжуваме со посета на колоритната улица Инсадонг, каде имаме слободно време да купиме интересни сувенири. По паузата, одиме во неверојатната зграда Dongdaemun, нео-футуристички дизајн кој претставува симбол на урбаниот развој во Сеул. Го посетуваме и познатиот Олимписки парк. Нашиот ден го завршуваме со посета на најпознатата шопинг улица во Сеул, Мјеонгдонг, која е преполна со продавници и улични ресторани во кои можеме да ја вкусиме највкусната корејска храна.

**Посета на границата помеѓу Северна и Јужна Кореја (DMZ)**

**Цена**: од **85,00** EUR до **95,00** EUR

Ја посетуваме DMZ или демилитаризирана зона, зона која се наоѓа на околу 45 минути од Сеул и ја претставува границата помеѓу Северна и Јужна Кореја. Го посетуваме "Мостот на слободата" што Јужнокорејците го користеле во минатото кога се враќале дома од северот. Оттука го посетуваме и Третиот тунел -- кој претставува тунел кој е изграден од Северна Кореја со цел да ја нападне Јужна Кореа. Нереално искуство каде учиме повеќе за конфликтот помеѓу овие две земјии.

**Јапонија - пакет излети**

**Цена**: **300,00** EUR

**1. Tokyo City Tour Part #1** - Токио е главен и најголем град во Јапонија, ама не само таму, туку и во целиот свет! Ако го погледнеме поширокото подрачје на градот, Токио е најнаселената агломерација на светот со околу 38 милиони жители! Старото име на градот бил Едо, а во 19 век е сменето името во Токио што значи Источна престолнина. На ова место во 15 век имало мала рибарска населба, а градот почнал забрзано да се развива кога царот Меиџи го преселил кралството од Кјото во Токио. Градот официјално, под ова име, има статус на град од 1899 година. Во 20 век, овој град има претрпено големи катастрофи, некои природни, а некои како последица на војна. На почетокот на 20 век бил погоден од катастрофален земјотрес, во кој што животот го изгубиле над 140.000 луѓе, а исто така има претрпено и големи штети за време на Првата и Втората Светска војна. Меѓутоа, после војната, градот започнал забрзано да се развива и целата земја го добива епитетот

Економско чудо, затоа што веќе кон средината на шеесетите години на минатиот век, била втора најразвиена економија на светот.

Започнуваме во прекрасниот живописен дел од градот наречен **Асакса (*Asakusa*)**, место во кое може сеуште да се почувствува атмосферата и духот на старата Јапонија. Тука ќе посетиме еден од најважните храмови на Edo периодот, Сенсо-џи (Sensō-ji) или *Asakusa Kanon*. Овој храм претставува оаза на духовноста, сместена помеѓу реките *Sumide* и *Tokio Sky Tree*, во дистриктот Асакса. Посветен е на божицата на милоста. На ова место ќе се запознаеме со приказната за двата големи системи на мислата, Шинтоизмот и Будизмот. Првите податоци за храмот потекнуваат од 645 година, што го прави најстар храм во Токио. Во непосредна близина се наоѓа и улицата **Накамисе (Nakamise)**, позната по нејзините автентични продавници за сувенири и начичкани тезги каде имаме прилика да пробаме превкусни традиционални јапонски слатки. Продолжуваме во **Ueno** паркот каде го наоѓаме нашиот зен и уживаме во мирот и спокојот опколени со илјадници јапонски цреши!! Уено паркот е облечен во најубавото руво и тој е една од најголемите атракции на градот кои дефинитивно морате да ги видите. За да можеме подобро да го разбереме јапонскиот политички систем и нивната верност и послушност кон Царот, ќе го посетиме Империјал паркот кој е обиколен со средновековен канал. Доколку ни се создаде можност, ќе прошетаме низ Источната градина, а треба да се има во предвид дека Кралскиот Дворец е отворен за посетители само на два датуми, на 23.02. кога е роден Царот и за Нова Година. Царот Меиџи успеал да ја доближи земјата до западниот свет за многу краток период. Далекусежните и темелни промени и дале на Јапонија нов изглед, а царот добил нов храм во Токио. Потоа следува посета на **Metropolitan Government (Tochō)**, третата највисока зграда во Токио, каде ќе уживаме во прекрасниот панорамски поглед на овој неверојатен град. Во попладневните часови одиме во областа **Шинџуку (Shinjuku)**, позната како област која „не спие“.

**2. Tokyo City Tour Part #2** - Нашата авантура во Токио продолжува и следниот ден со посета на квартот Цукиџи (Tsukiji), јапонскиот „град на храната“ каде ќе наидеме на секаков вид традиционална јапонска храна. Уживаме во вкусот на оригиналното јапонско суши и други специјалитети од свежа риба. По ручек, ја продолжуваме нашата авантура кон Гинза, најстариот и најпознат шопинг кварт во Токио. Посетуваме традиционален **Кабуки** (Kabuki) театар. Кабуки претставува традиционална јапонска форма на театар чии корени датираат од Едо периодот. Продолжуваме во **Шибуја**, една од најживописните во Токио, област позната по шопинг и вообичаениот метеж на најпознатата раскрница на #целсвет!! Уживаме во шопинг во една од стотиците стоковни куќи и трговски центри во оваа област. Fun fact: во оваа област се започнати многу познати јапонски модни трендови! Како дел од нашата посета на Шибуја, ќе ја посетиме и областа **Харајуку** (Harajuku), која го претставува срцето на јапонската младинска култура и **Омотесандо** (Omotesandō), најскапиот кварт во Токио. Вечерта продолжуваме на пијачка во некои од локалните барови во Шибуја!

**3. Osaka City Tour** – Шетајќи низ Осака, носиме заклучок дека ова е еден одлично уреден град со 9 милиони жители. Ручаме во **Дотонбори** кварт во градот, која е гастрономски центар во Јапонија поради големиот број на ресторани. Тука се наоѓа **Кани Дораку**, познатиот “краба знак” – покрај кој секој турист се фотографира. Не пропуштајте да ги пробате такојаки куглите и okономијаки палачинките. Градот изгледа футуристички. Тука настанал првиот робот на светот, а ние ќе запознаеме уште една димензија на Осака. Ќе ја посетиме внатрешноста на дворецот во Осака, која е сега музеј од времето на самураите. Во прашање е исклучителна градба од 17-тиот век. За дворецот е заслужен шогунот **Хидејоши Тојотоми**, итар владетел кој повеќе од се’, сакал жени и чај. Како таков бил и запамтен – необичен хедонист, што од него наследиле и сегашните жители на Осака, кои ги бие ист глас. Специфично за замокот е што тој монументално се издигнува над сакура крошните.

**4. Kyoto City Tour** – Овој град од 794 година, па се’ до 19-тиот век бил престолнина на Јапонија и кралски град. Се враќаме во минатото, во традиционална Јапонија, а контрастот помеѓу футиристичкиот Токио и Осака навистина ќе не остави без здив! Кјото е еден од ретките градови каде што можете сеуште да видите Јапонски традиционални куќи. Еден од многубројните highlights во Кјото ќе ви биде храмот **Кинкауџи -- Златниот павилион**, храм кој се наоѓа на листата на УНЕСКО за светско културно наследство. Специфично за овој храм е тоа што покривот на овој храм е прекриен со златни лисја. Првобитно е изграден како вила на шогунот Јошимичуа. По неговата смрт, станал зен храм, а денес зен градина го опкружува овој блескав павиљон кој во себе крие необични приказни за сопственото совршенство. Неколку пати е запален до темел, дури два пати во Онинската војна во 15-ти век, но и во неодамнешната историја. Имено, во 1950 година, еден монах фанатик го запалил храмот и пробал да се самоубие. Храмот е обновен во 1955 година. Уживаме во средни дрвца, езерце и бесконечно зеленило кое нѐ транспортира во едно поинакво време. Продолжуваме во познатата бамбусова шума -- **Арашијама**, едно од најзелените и најфотогенични места во целата земја. Во Арашијама, се шетаме по тесните патеки помеѓу високите бамбуси и полниме батерии. Смирување, опуштање и будење на истражувачкиот дух во нас! Продолжуваме кон една од најпознатите населби во Кјото -- **Гион**, која се наоѓа покрај реката Ширакава, а во оваа населба и ден денес постојат **гејшите**. Овие слатки Јапонки ги забавуваат своите гости со танц, игра, интересни разговори, служење чај и свирење на шамисену. Гејшите не се благонаклонети кон блицовите на туристите, бидејќи ресторанте во Гион претставуваат нивни работни места.

**5. Nara & Fushimi Inari -** Фушими Инари е една од најфотографираните туристички атракции во Азија. Во прашање е главното светилиште на богот Инари, кој е заштитник на оризот. Ова место претставува вистинска рапсодија на портокалови бои во шумско зеленило. Се проценува дека тука се наоѓаат околу 10.000 тори, односно “капии” кои водат до храмот. Потоа со воз продолжуваме до поранешната престолнина на Јапонија -- Нара (Nara). Nara е позната по тоа што таму најпрвин почнува да се проповеда будизмот во Јапонија и оттаму се шири низ целата држава. Нашата авантура ја започнуваме со прошетка низ Паркот на елените -- каде имаме прилика да се дружиме со жителите на овој уникатен парк! Стигнуваме до храмот Тодаиџи (Tōdai-ji), будистички храм изграден во 8 век за заштита на земјата и просперитетот на нацијата (уникатен храмот кој има триесетина павилјони изградени во различни периоди и стилови).

**6. Hiroshima City Tour** – Градот Хирошима, кој се наоѓа на некои 300 километри од Кјото, денес е модерен и новоизграден град што ве остава без зборови, заради фактот што на 06.08.1945 експлодирала првата атомска бомба! Оваа трагедија и нејзините последици ќе ги видиме во **Музејот на мирот**, посветен на повеќе од 100.000 настрадани луѓе во немил овој настан. Ќе шетаме низ **Меморијалниот парк**, замислено ќе стоиме пред оганот на мирот и ќе слушнеме една многу тажна приказна за едно девојче. Се возиме со траект до островот **Мијаџима**. Покрај најсвежите остриги, можеме да направиме и фотографија за памтење покрај познатите пловечки тори врати.

Во цената на пакет излетите е вклучено: превоз (трансфери со локални и брзи возови), влезници за локалитетите по планот и програмата на излетот, како и претставник од агенција!

**Сместување**

**Hotel Morning Sky** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Hotel Morning Sky  е модерен Хотел со 3*по локална категоризација кој се наоѓа во центарот на овој неверојатен мегалополис. Собите се двокреветни со приватен тоалет, клима уред, телевизор и бесплатен Wi-Fi интернет. Поради неговата централна локација сместувањето е близу до сите најважни точки и ресторани/кафулиња. Во склоп на хотелот има и ресторан кој служи јапонска и интернационална храна.

**Сајт**
https://morning-sky.seoulhotelspage.com/en/

**Адреса**
32-37
Toegye-Ro 45-Gil
Jung-Gu
Seoul
South Korea

**APA Hotel Higashi Umeda Minami Morimachi Ekimae** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

APA Hotel Higashi Umeda Minami Morimachi Ekimae е сместувачки објект со 3* во Осака, Јапонија. Хотелот се наоѓа на одлична локација во Осака -- на само неколку минути од метро-станицата. Хотелот располага со сопствен ресторан, и летна тераса. Се сместуваме во двокреветни соби со брачен кревет, сопствено купатило, телевизор со сателитски канали, и бесплатен WI-FI интернет.
*Напомена: Услугата е на база ноќевање.*

**Сајт**
https://www.apahotel.com/hotel/kansai/osaka/higashiumeda-minamimorimachi-ekimae/?utm_source=google&utm_medium=maps

**Адреса**
Osaka Prefecture
Osaka
Kitaku Minamimorimachi 2-4-36
Japan

**APA Hotel Asakusa Tawaramachi Ekimae** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

APA Hotel Asakusa Tawaramachi Ekimae е хотел со 3* (по локална категоризација) во Токио, Јапонија. Хотелот се наоѓа на одлична локација на само 1 минута пешки од станицата за воз, 10 минути пешки од еден од најубавите и најпознатите храмови во Токио -- Senso-Ji, и на само 15 минути пешки од познатиот Уено парк (Ueno Park) и познатата улица Ameya-Yokochō -- која ќе ги воодушеви сите гурмани со највкусната храна во Токио. Близу до хотелот имате Family Mart -- каде што морате да го пробате познатиот Egg Sandwich (сендвич со јајце) препорачан од нас и Ентони Бордејн. Хотелот има сопствен ресторан, вендинг машина и спа на располагање на сите гости. Се сместуваме во двокреветни соби со брачен кревет, сопствено купатило, клима уред, телевизор со сателитски канали и бесплатен WIFI интернет, во сите соби има и шампон, гел за туширање, пасата за заби, фен, пешкири и сл.

***Услугата е на база ноќевање.***

**Сајт**
https://www.apahotel.com/hotel/syutoken/tokyo/asakusa-tawaramachi-ekimae/?utm_source=google&utm_medium=maps

**Адреса**
1 Chome-2-3 Nishiasakusa
Taito City
Tokyo 111-0035
Japan

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од

културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Сеул (Seoul)**

Сеул (Seoul) е главен град на Јужна Кореја и втор најголем мегалополис на светот. Познат е како модерен град со традиционални храмови и палати но и модерни архитектонски достигнувања.

**Осака**

Осака е град во Јапонија во префектурата Осака. Осака е трет по големина град во Јапонија. Тој е историски и трговски центар на Јапонија и сеуште еден од најголемите индустриски центри и пристаниште.

**Токио**

Токио (Tokyo) е главен град на Јапонија, а обласа Токио Метрополис е најголема агломерација на светот и се состои од преку 26 градови и 8 села кои со текот на времето се соединиле во еден град. Во него живеат преку 35 милиони луѓе. Многубројните музеи, културата и религијата се една од причините поради кои овој град го посетуваат преку 5 милиони странски туристи годишно.

**Корисни информации**

**Јапонија**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

Јапонија е островска држава во источна Азија сместена на ланец острови источно од Азијскиот континент, на западниот дел од Атлантскиот океан северно од Источнокинеското море. Јапонија ја сочинува архипелаг со повеќе од 3000 острови од кои најголеми се: Хоккаидо, Хоншу, Шикоку и Кјушу кои зафаќаат повеќе од 97% од површината. Двете јапонски букви кои го означуваат името на Јапонија значат “извор на сонцето“ па така целата земја често се нарекува “Земја на изгрејсонцето“. Јапонија е планинска земја, имајќи во предвид дека околу 80% од површината ја сочинуваат планини. Околу 66% од површината е покриена со шуми. По државно уредување Јапонија е уставна парламентарна монархија на чело со цар. Јапонија е десетта земја на свет по бројот на жители со нешто помалку од 128 милиони, од кои 99% се Јапонци. Главен град е Токио кој со соседните градови има околу 32 милиони жители и е најголемо метрополско подрачје во светот.

**2. ВИЗИ**

За државјаните на Македонија не е потребна виза.

**3. ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА**

За влез во земјата не е потребна вакцина. Состојбата во поглед на нуклеарно зрачење е нормализирана (вода, тло, воздух, храна) и претставува предмет на секојдневни опсежни анализи на јапонските органи. Здравствената состојба во Јапонија е задоволителна. Водата од чешма е бактериолошки исправна и сигурна за пиење. Сепак, ние им препорачуваме на патниците да пијат флаширана вода.

**4. ВРЕМЕНСКА ЗОНА**

Јапонија се наоѓа во временската зона UTC+09:00, односно +7 во однос на Македонија.

**5. КЛИМА**

Јапонија има умерена клима и 4 различни годишни времиња, но поради големата далечина од север кон југ климата варира од регион во регион. Крајниот север во зима е многу ладен, додека крајниот југ има суптропска клима. На климата покрај тоа влијаат и сезонските ветрови кои дуваат од континентот кон океанот во зима и во спротивен смер во лето. Доцниот јуни и раниот јули е период на дождови (освен во Хоккаидо), кога над Јапонија се наоѓа дождовен фронт (baiu zensen). Во доцното лето и раната есен од тропските подрачја со низок притисок над екваторот се развиваат тајфуни и поминуваат од југозапад кон североисток, често носејќи обилни дождови.

**6. ХРАНА И ПИЈАЛОК**

Постојат две јапонски кујни - и двете се традиционални. Едната е традиционална во вистинска смисла на зборот која со векови се наоѓала на трпезата пред шеесеттите години на XIX век и јапонското отворање кон запад, и другата која всушност претставува воведување на нови состојки и познати јадења припремени на јапонски начин. Имајќи во предвид дека Јапонија е островска земја, во подготовка на јадењата се користат сите видови на морска риба, ракчиња и морски плодови во сите облици. Како задолжителни јадења на јапонската трпеза се вбројуваат разни видови на супа, речиси задолжителен прилог со секое главно јадење е оварен ориз наместо кој многу често се служат и тестенини, додека главното јадење се состои во главно од месо или риба - варени, пржени или печени на скара. Во подготовка на храната се користат и сите видови на зеленчук и овошје, голем број зачини од кои соја сосот е речиси задолжителна состојка така што јапонската кујна во главно е многу богато зачинета и во споредба со останатите кујни е значително посолена но и многу помалку масна. Многу често месото, а особено рибата, се служи термички необработена како традиционалното суши или сашими. Кога станува збор за цените на оброк во ресторан, тие варираат во зависност од местото каде што јадете. Најевтин оброк можете да јадете во ресторантите со брза храна каде јадат поголемиот дел од јапонците и каде оброкот ќе ве чини од 5-7 ЕУР. Во малку полуксузните ресторани оброкот чини во просек од 10-20 ЕУР.

**7. СИГУРНОСТ**

Јапонија важи за држава со високо ниво на јавен ред и мир, без ризик од вооружени пресметки и со ниска стапка на криминал во споредба со други развиени земји. Јапонија меѓутоа е земја со висок ризик од природни непогоди.

**8. ОБЛЕКА**

Без разлика дали патувате во Јапонија на пролет или есен, се препорачува слоевито облекување поради разликата помеѓу утринските и попладневните температури. Секако ве советуваме да понесете удобна облека како и тенка јакна за вечерните часови.

**9. ЛОКАЛНА ВАЛУТА**

Официлајна валуте во Јапонија е јапански јен (JPN, Yen) и тоа е единственото дозволено средство за плаќање. Плаќање со странска валута не е дозволено.

По среден курс 1ЕУР = 157 ЈЕН, 1$ = 145 ЈЕН-и. можат да се користат платежните картички American Express, VISA, Diners Club и Master Card а во банкоматите картички со ознака Cirrus, PLUS, Maestro и Visa Electron но мора да напоменеме дека често се случува платежните картички да не поминуваат во Јапонија, па затоа Ве советуваме да се потпрете исклучиво на готовина.

**10. СТРУЈА**

Потребно е да понесете адаптер за електрична енергија. Струјата во Јапонија е 100 волти. Адаптерот е со два текни и сплоснати влезови (како за во САД).

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с treба да

биде авантура и добра забава).

- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.